# ПРЕПОРАКИ

# ОД КОАЛИЦИЈАТА НА ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА ЗА НОВИОТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО

## (2014-2016)

**Препораки од коалицијата на граѓански здруженија за новиот акциски план за Отворено владино партнерство (2014-2016)**

Во рамките на проектот “Застапување за отворена влада: право да знаеш во Југоисточна Европа” финансиран од Европската унија, Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) иницираше коалиција со граѓанските здуженија за да се зголеми познавањето за глобалната иницијатива за Отворено владино партнерсто (ОВП) како и да се соберат и достават што поефикасни препораки до Владата за новиот Акциски план за ОВП (2014-2016). Беа орджани вкупно три состаноци со претставници на граѓанските здруженија кои се фокусираа на следните аспекти на акцискиот план: партиципативно креирање на политики, ефикасно доставување на јавни услуги; локално управување и ефикасно управување со јавни финансии. Оваа коалиција е составена од ЦИКП, Женски форум Тетово, Организација на жените на општина Свети Николе, СУМНАЛ, Полио плус, Институт за развој на заедницата, Хелсиншки комитет за човекови права, Здруженије на инвалиди Шпреса, Даја Куманово, Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија, 4х4х4ББ Скопје, ЕХО Штип, Балканска мрежа за развој на граѓанското општество, Македонски центар за меѓународна соработка, Зелена сила Велес, Локална агенција за развој Струга, Здружение за локален рурален развој Тетово, Центар за европски развој и интеграција, Бујрум Куманово, Форум во заедницата, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија, Фондација Фокус Велес и Заедница на единиците на локална самоуправа. Препораките кои ние ги доставивме до Министерството за информатичко општество и администрација се:

| 1. Партиципативно креирање на политики | | |
|---|---|---|
| Надлежна институција | | Министерство за локална самоуправа, општините, локалните невладини организации |
| Други вклучени | Влада | Генерален секретаријат на Влада/Сектор за соработка со невладини организации |
| | Граѓанско општество, приватен сектор | НВО Фокус, Велес<br>Центар за истражување и креирање политики<br>ЦЕДИ Битола<br>Зелена Сила, Велес<br>ЗЛРР, Тетово<br>ЛДА, Струга<br>Бујрум, Куманово,<br>ЕХО, Штип<br>МЦМС<br>МОСТ<br>БЦСДИ, Скопје<br>ЗЕЛС |
| Status quo или проблем/прашање кое треба да се адресира | | Законот за локална самоуправа предвидува дека општините може да организираат јавни расправи/консултации за прашања од нивна надлежност. Ова им овозможува на општините да одлучат дали ќе ја вклучат јавноста во креирањето на локалните политики. Демократскиот процес на партиципативно одлучување оттаму зависи од волјата на Градоначалниците и Претседателите на |

| | |
|---|---|
| | општинските совети.<br>Учеството на јавноста во креирањето на политики зависи од капацитетот на општината/установата/органот на управата да допре/мобилизира граѓани да учествуваат во јавни расправи. Искуството на некои општини на пр. Велес покажува дека преку ангажирање на определена локална НВО која ќе ги организира состаноците со граѓаните, месните заедници и здруженијата јавните консултации се масовни и конструктивни (добра практика во општина Велес во соработка со НВО Фокус до 2012-та год.)<br>Исто така некогаш учеството на јавноста зависи и од физичкиот простор кој овозможува помасовно присуство на граѓаните на отворените за јавноста седници на советот на општината. Се констатира за жал дека ваквиот простор наместо да се овозможува се ускратува (на пр. Во Штип каде салата за состаноци е реновирана на начин да оневозможи присуство на граѓани на состаноците на Советот). |
| Главна цел | Да се зголеми активното учество на граѓанското општество во процесите на донесување одлуки на локално ниво |

<table>
<tr><td>На која од главните цели на ОВП овој приоритет и припаѓа</td><td colspan="4">Партиципативно креирање на политики</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Релевантно е за:</td><td>Транспарентност</td><td>Отчетност</td><td colspan="2">Учество на јавноста</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Проверливи и мерливи мерки за исполнување на целта</td><td>Нова или постојна заложба</td><td>Почеток на активноста</td><td>Крај на активноста</td></tr>
<tr><td colspan="2">1. Надлежната организација ќе соработува со општината, месните заедници и граѓанското општество (ГО) и ќе ја поттикне комуникацијата меѓу двете страни [особно во процесот на донесување на буџетот].<br>2. Надлежната организација ќе ги искористи своите контакти за да организира консултативни процеси и по потреба да фасилитира состаноци со ГО во раните фази на дискусијата (да и ги пренесе истите информации/препораки до општината).<br><br>3. Измена на законот за локална самоуправа (член 27) со што ќе се обврзат општините да се консултираат со граѓаните во процесот на донесување одлуки и да обезбедат простор кој ќе овозможи јавност на седниците на советот на општината</td><td>Нова заложба</td><td>2014</td><td>2016</td></tr>
</table>

This project is funded by the European Union (Directorate-General Enlargement, European Commission).
The contents of this report are the sole responsibility of the Center for Research and Policy Making.
The views presented in this report do not necessarily represent the views of the European Union.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. Општините да се обврзат [на партиципативен начин] да понудат јасни правила во процесот на јавните расправи.<br>5. Поголема вклученост на месните заедници во процесот на донесување одлуки.<br><br>Успехот на мерките ќе се оценува по (1) бројот на организации/ физички лица кои ќе учествуваат во општинските совети и консултативните процеси и (2) бројот на препораките на граѓанско општество прифатени од институцијата и инкорпорирани во документите и практиките. | | | |

| **2. Ефективно доставување на јавни услуги** | | |
|---|---|---|
| Надлежна институција | | Министерство за локална самоуправа, Влада на РМ |
| Други вклучени | Влада | Општините |
| | Граѓанско општество, приватен сектор | ЗЕЛС,<br>Центар за истражување и креирање политики<br>Полио Плус<br>Шпреса<br>Хелсиншки комитет<br>Сумнал<br>ЦЕДИ Битола<br>Зелена Сила, Велес<br>Женски форум, Тетово<br>ИРЗ, Тетово<br>ЛДА, Струга<br>Бујрум, Куманово,<br>ЕХО, Штип<br>4х4х4 ББ, Скопје |
| Status quo или проблем/прашање кое треба да се адресира | | Јавните услуги се првата линија на власт со која имаат допир граѓаните. Како тие се управуваат зависи дали граѓаните ќе имаат доверба во власта/државата или не. Затоа управување на јавните услуги според принципите на добро владеење е особено значајно.<br>Поголемиот број на услуги во Македонија се доставуваат на локално ниво и се управувани од локалната власт, но има и такви кои се управувани од централната власт.<br>Во моментов не постои ниту насоки, а најмалку планови за интегритет за локалните услуги. |
| Главна цел | | Транспарентни и отчетни јавни услуги |
| На која од главните цели на ОВП овој приоритет и припаѓа | | Ефективно доставување на јавни услуги |

This project is funded by the European Union (Directorate-General Enlargement, European Commission).
The contents of this report are the sole responsibility of the Center for Research and Policy Making.
The views presented in this report do not necessarily represent the views of the European Union.

| Релевантно е за: | Транспарентност | Отчетност | Учество на јавноста | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Проверливи и мерливи мерки за исполнување на целта | | Нова или постојна заложба | Почеток на активноста | Крај на активноста |
| 1. Училиштата, болниците, културните, спортските установи, транспортните и комуналните претпријатија и останатите институции кои доставуваат јавни услуги ги објавуваат нивните буџети, договори за набавки и завршни сметки<br>2. Училиштата, болниците, културните, спортските установи, транспортните и комуналните претпријатија и останатите институции кои доставуваат јавни услуги ги објавуваат критериумите според кои добавувачите на храната, превозот, ексурзиите, лековите, опремата и сл. се избрани.<br>3. Добавувачите на храната неделно објавуваат на огласна табла во училиштата, болниците и останатите институции кои доставуваат јавни услуги информации за нутритивната вредност за храната што е послужена како дел од услугата која ја доставуваат<br>4. Оние училишта, болници, културни, спортски установи, транспортни и комунални претпријатија и останатите институции кои доставуваат јавни услуги кои немаат можност да одржуваат веб-страница имаат обезбеден простор на општинската/ владината веб-страница на соодветно и видливо место.<br>5. Граѓаните се известуваат за статусот на нивната сметка (наплата, претплата или заостанати обврски) на своја домашна адреса не само за комуналните услуги туку и за здравственото осигурување, пензиското осигурување, осигурувањето од невработеност и сл. | | Нова заложба | 2014 | 2016 |

| **3. Подобрено локално управување** | |
|---|---|
| Надлежна институција | Министерство за локална самоуправа |

This project is funded by the European Union (Directorate-General Enlargement, European Commission).
The contents of this report are the sole responsibility of the Center for Research and Policy Making.
The views presented in this report do not necessarily represent the views of the European Union.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Други вклучени | Влада | Општините | | |
| | Граѓанско општество, приватен сектор | ЗЕЛС,<br>Центар за истражување и креирање политики<br>ЦЕДИ битола<br>Зелена Сила, Велес<br>ЗЛРР, Тетово<br>ЛДА, Струга<br>Бујрум, Куманово,<br>ЕХО, Штип<br>Полио Плус<br>Шпреса<br>ДАЈА, Куманово<br>Хелсиншки комитет<br>Сумнал | | |
| Status quo или проблем/прашање кое треба да се адресира | | Локалните самоуправи имаат за цел да го зголемат демократскиот капцитет на нашето општество преку овозможување на граѓаните да учествуваат во креирањето на локалните политики, нивно учество во доставувањето на услугите, но и преку механизмите за отчетност. Во моментов не постои изедначен пристап во усвојувањето на насоки / планови за интегритет за локалните самоуправи. Законот за слободен пристап на информации неуедначено се имплементира на локално ниво, а отчетот се дава само за спроведените активности без притоа да се известува за тоа што не е спроведено и од кои причини. | | |
| Главна цел | | Подобрување на локалното управување | | |
| На која од главните цели на ОВП овој приоритет и припаѓа | | Подобрување на локалното управување | | |
| Релевантно е за: | | Транспарентност | Отчетност | Учество на јавноста |
| Проверливи и мерливи мерки за исполнување на целта | | Нова или постојна заложба | Почеток на активноста | Крај на активноста |
| 1. Правилник/ рамка/упатства за начинот како да се даде отчет за тоа што е планирано и остварено  е усвоен и 60% од општините го користат за доставување на редовен отчет до граѓаните.<br>2. Општинските совети како и комисиите формирани од нив (на пр. За еднакви можности, за меѓуетничка соработка и сл.)  се обврзани да дадат отчет за нивната работа и 60% од нив тоа го прават секоја година.<br>3. Правилник/рамка/упатсва за добро | | Нова заложба | 2014 | 2016 |

This project is funded by the European Union (Directorate-General Enlargement, European Commission).
The contents of this report are the sole responsibility of the Center for Research and Policy Making.
The views presented in this report do not necessarily represent the views of the European Union.

| | | | |
|---|---|---|---|
| управување во локално ниво со посебен фокус на правичноста во доставувањето на услугите е усвоен, а на граѓаните им се доставува извештај за тоа како се унапредува доставувањето на услугите за ранливите групи (лица со попречености, сиромашни, самохрани родители и сл.)<br>4. Градоначалниците и општинските службеници се обучени и го имплементираат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и истите се објавуваат редовно на општинските веб-страници. | | | |

| Формулар | | |
|---|---|---|
| Назив на приоритетот: Буџетска транспарентност | | |
| Надлежна институција | | Министерство за финансии |
| Други вклучени | Влада | Министерство за локална самоуправа |
| | Граѓанско општество, приватен сектор | Центар за истражување и креирање политики<br>Еманципација, солидарност и еднаквост на жените<br>Консалтинг за стратешки развој<br>Фондација ФОКУС Велес<br>ЦЕДИ, Битола |
| Status quo или проблем/прашање кое треба да се адресира | | Законот за буџет утврдува дека буџетот треба да биде објавен на веб страната на Министерството за финансии и на општините заедно со завршната сметка. Сеуште постојат општини кои немаат веб страни и/или не ги објавуваат буџетите. Сепак проблематично е што буџетите на единиците корисници на буџетот не се објавуваат на веб страните на овие корисници (на пример фондовите, агенциите, институтите, дирекциите на централно ниво; односно училиштата, културните домови, спортските центри, градинките и сл. на локано ниво), а централниот и буџетите на општините не се објавуваат во отворен формат (excel, xml). Бидејќи граѓаните е среќаваат со власта преку ваквите услуги потребно е да се отворат буџетите на сите корисници на буџетот на нивната веб страна и/или на огласната табла на институцијата, вклучително и на оние услуги кои се приватно управувани а доставуваат јавна услуга (на пр. Матичните лекари).<br>Начинот на кој се презентираат буџетските податоци треба да биде во формат кој може да се превзема за дополнителни анализи и на јазик достапен за секој граѓанин – Буџетот треба да содржи и т.н граѓански буџет, документ кој на пристапен јазик ќе ги објасни приходите, расходите и целите кои сакаат да се постигнат |

This project is funded by the European Union (Directorate-General Enlargement, European Commission).
The contents of this report are the sole responsibility of the Center for Research and Policy Making.
The views presented in this report do not necessarily represent the views of the European Union.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | со таквото користење на јавните финансии.<br>На крајот особено треба да се обрне внимание на објавата на завршните сметки на буџетските корисници која е задолжителна, но не се спроведува во пракса заедно со објавата на финалните годишни извештаи за работењето. Дел од причините е што Законот за буџет не утврдува рок во кој треба да бидат објавени буџетот и завршната сметка на корисниците на буџетот. | | | |
| Главна цел | Отварање на буџетите на единиците корисници на буџетот на РМ и подготовка на граѓански буџет | | | |
| На која од главните цели на ОВП овој приоритет и припаѓа | Ефикасно управување со јавните финансии | | | |
| Релевантно е за: | Транспарентност | Отчетност | Учество на јавноста | |
| | | | | |
| Проверливи и мерливи мерки за исполнување на целта | | Нова или постојна заложба | Почеток на активноста | Крај на активноста |
| 1.Сите единки корисници на Буџетот на РМ го објавуваат предлог буџетот на својата институција во отворен формат (xml, excel) на својата веб страна<br>2. Министерството за финании објавува граѓански буџет (документ кој на достапен и јасен начин ги презентира приходите и расходите на централниот буџет како и целите кои треба да се постигнат со ваквото користење на јавните финансии)<br>3. Сите единки корисници на буџетот на РМ (на централно и локално ниво) ги објавуваат буџетите на својата установа на веб страната и/или огласната табла на институцијата<br>4. Сите буџетски документи се објавени во формат кој е отворен за превземање и анализирање (на пр. Xml или excel) на веб страните на единките корисници на буџетот<br>5. Сите единки корисници на буџетот на РМ (на централно и локално ниво) ги објавуваат завршните сметки на својата установа на веб страната и/или огласната табла на институцијата<br>6. Сите завршни сметки на единиците корисници на буџетот се објавени во формат кој е отворен за превземање и анализирање (на пр. Xml или excel) на веб | | Нова заложба | Април 2014 | Април 2016 |

This project is funded by the European Union (Directorate-General Enlargement, European Commission).
The contents of this report are the sole responsibility of the Center for Research and Policy Making.
The views presented in this report do not necessarily represent the views of the European Union.

| | | | |
|---|---|---|---|
| страните на институциите<br>7. Сите единки корисници на буџетот на РМ (на централно и локално ниво) ги објавуваат годишните извештаи за работењето на иституцијата (вклучително и Министерствата) кои треба да содржат и финансиски информации<br>8. Измена на Законот за буџет е изменет со цел да се уредат роковите за објава на буџетот и завршната сметка на секоја единка корисник на буџетот на веб страната на установата и/или огласната табла. | | | |

| Формулар | | |
|---|---|---|
| Назив на приоритетот: Ефикасно управување со јавните финансии | | |
| Надлежна институција | | Министерство за финансии |
| Други вклучени | Влада | Министерство за локална самоуправа |
| | Граѓанско општество, приватен сектор | Центар за истражување и креирање политики<br>Еманципација, солидарност и еднаквост на жените<br>Консалтинг за стратешки развој<br>Фондација ФОКУС Велес |
| Status quo или проблем/прашање кое треба да се адресира | | Законот за буџет утврдува дека општините треба да го презентираат предлог буџетот на граѓаните преку дискусии и средби, јавни расправи организирани во месните заедници. Ваквата пракса беше стимулирана со Форуми во заедницата каде акцентот беше ставен на буџетските форуми. Сепак не сите општини практикуваат вклучување на јавноста во подготовката на буџетскиот документ. Дел од причините се немање на капацитет (особено финансиски за вклучување на јавноста)<br>Учеството на јавноста особено е лимитирано на централно ниво каде законот за буџет воопшто не предвидува презентација на предлог буџетот пред истиот Владата да го испрати на разгледување и усвојување во Парламентот што влијае на демократскиот капацитет на нашето општество и резултира со ниско рангирање на земјата на индексот на отворени буџети. Ова може да се надомести преку објавување на т.н. предбуџетска изјава во Август месец на тековната година. Конечно учеството на јавноста е целосно исклучено при ребаланс на буџетот на РМ и/или на корисниците на буџетот.<br>Интересот на граѓаните да учествуваат на јавните консултации за буџетите е многу мал. Дел од причините се непостоењето на процедури за јавни консултации со кои се утврдува начинот на |

This project is funded by the European Union (Directorate-General Enlargement, European Commission).
The contents of this report are the sole responsibility of the Center for Research and Policy Making.
The views presented in this report do not necessarily represent the views of the European Union.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | предлагање на приоритети и одговорот (feedback) на општините зошто истите се прифатлици или неприфатливи. Граѓаните имаат впечаток дека нивното учество е залудно зашто ретко нивните предлози се усвоени, а образложение зошто не се усвоени не се дава. | | |
| Главна цел | Отварање на процесот на буџетирање за учество на граѓаните на РМ на централно и локално ниво | | |
| На која од главните цели на ОВП овој приоритет и припаѓа | Ефикасно управување со јавните финансии | | |
| Релевантно е за: | Транспарентност | Отчетност | Учество на јавноста |

| Проверливи и мерливи мерки за исполнување на целта | Нова или постојна заложба | Почеток на активноста | Крај на активноста |
|---|---|---|---|
| 1.Измена на Законот за буџет за отворање на процесот на буџетирање за учетво на граѓаните (централен односно Буџетот на РМ)<br>2. Објава на предбуџетска изјава<br>3,Сите општини овозможуваат учество на јавноста при подготовката на општинскиот буџет<br>4. Министерството за локална самоуправа изготвува методологија / процедури за јавни консултации при буџетирање на локално ниво 5. Сите општини и Владата предвидува средства за спроведување на активности кои овозможуваат учество на јавноста при буџетирање<br>6. Измена на Законот за буџет за отварање на процесот на ребаланс на буџетот за учество на граѓаните ( на централно и општинско ниво) | Нова заложба | Април 2014 | Април 2016 |

| Формулар | | |
|---|---|---|
| Назив на приоритетот: Ефикасно управување со јавните финансии | | |
| Надлежна институција | | Министерство за финансии |
| Други вклучени | Влада | |
| | Граѓанско општество, | Центар за истражување и креирање политики |

This project is funded by the European Union (Directorate-General Enlargement, European Commission).
The contents of this report are the sole responsibility of the Center for Research and Policy Making.
The views presented in this report do not necessarily represent the views of the European Union.

| | | |
|---|---|---|
| | приватен сектор | |
| Status quo или проблем/прашање кое треба да се адресира | | Јавниот долг не е интегрален дел од Буџетот на РМ со што е во конфликт со добрите практики за управување со јавните финансии усвоени и спроведувани од страна на ММФ. Министерството за финансии известува редовно за состојбата на јавниот долг во Македонија. Ваквите известувања се одделени од известувањата (квартални) за тоа како се трошат јавните пари планирани во Буџетот.<br>Истотака профитот на јавните претпријатија (кои се во сопственост на државата) преку исплата на дивиденди се извор на финансирање/приход на Буџетот на РМ, но истите не се интегрирани во Буџетот. |
| Главна цел | | Да се интегрира јавниот долг и профитот на јавните претпријатија како приход на Буџетот на РМ |
| На која од главните цели на ОВП овој приоритет и припаѓа | | Ефикасно управување со јавните финансии |

| Релевантно е за: | Транспарентност | Отчетност | Учество на јавноста |
|---|---|---|---|
| | | | |

| Проверливи и мерливи мерки за исполнување на целта | Нова или постојна заложба | Почеток на активноста | Крај на активноста |
|---|---|---|---|
| 1.Измена на Законот за буџет за воведување на јавниот долг во Буџетот на РМ<br>2. Измена на Законот за буџет за воведување на дивидендите кои државата ги добива од претпријатијата кои се во нејзина сопственост како приход на Буџетот на РМ | Нова заложба | Април 2014 | Април 2016 |

PROJECT PARTNERS

This project is funded by the European Union (Directorate-General Enlargement, European Commission).
The contents of this report are the sole responsibility of the Center for Research and Policy Making.
The views presented in this report do not necessarily represent the views of the European Union.